Врз основа на член 31 став 9 од Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на РМ“ бр.20/09) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**за формата и содржината на образецот на платен налог за наплата на глоба**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на платниот налог за наплата на глоба.

Член 2

Платниот налог за наплата на глоба од член 1 од овој правилник е даден на формат А5, а ги содржи следните податоци:
- назив на органот кој го издава платниот налог
- тековен број
- правен основ за издавање на платниот налог
- платен налог за наплата на глоба
- податоци за сторениот прекршок
- ден
- година
- час
- место на сторување
- опис на прекршокот
- член
- закон
- глоба предвидена за прекршокот во еура и во денарска противредност
- податоци за сторителот
- физичко лице ( физичко лице, одговорно лице трговец поединец, службено лице што самостојно врши дејност) Име и презиме:
- ЕМБГ
- лк. бр.
- СВР
- адреса на живеење (улица, број, место, општина)
- правно лице
- седиште на фирмата
- даночен број
- жиро сметка
- напомена за обврската за плаќање на глобата за сторениот прекшок
- правна поука
- потпис на сторителот на прекршокот
- потпис на државен инспектор за земјоделство или државен фитосанитарен инспектор

Образецот на платниот налог за исплата на глоба од член 1 на овој правилник содржи три идентични примероци изработени од тенка индиго хартија во бела.

Платниот налог за наплата на глоба е дадена во прилог 1 и прилог 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник“ на Република Македонија.

Бр.10-6514/1
19.мај 2009
Скопје

Министер
за земјоделство, шумарство
и водостопанство
Ацо Спасеноски